# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Вторник 29.08.2017 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 05 - Година 2017** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 29.08.2017 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за редовно ажурирање на ,,Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности,,;
2. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево по предлог на Министерството за труд и социјална политика;
3. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево;
4. Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ ,,7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс;
5. Одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2016/2017 година;
6. Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2017/2018 година;
7. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2016/2017 година;
8. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017-2018 година;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Манифестацијата „Бела ноќ 2017,,;
10. Одлука за доделување на благодарници по повод ,,7-ми Септември,, - Денот на ослободување на Пехчево за 2017 година;
11. Заклучок за не усвојување на Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево;

**12.** Заклучок за не усвојување на Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево со градските гробишта;

**13.** Одлука за времено користење движна ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево;

| | |
|---|---|
| Бр. 09-942/1 | Градоначалник на |
| 29.08.2017 год. | Општина Пехчево |
| Пехчево | Игор Поповски с.р |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 14 став 1 од Уредбата за Методологија за изработка на процената за загрозеноста на безбедноста на Р.Македонија од сите ризици и опасности (Сл. Весник на РМ бр.13/2011), и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности„**

Член 1

Советот на општина Пехчево го задолжува Регионалниот центар за управување со кризи Берово да ги започне активностите за редовно ажурирање на „Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности„.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-928/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево по предлог на Министерството за труд и социјална политика**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево по предлог на Министерството за труд и социјална политика, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Мими Ставров се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево. За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, по предлог на Министерството за труд и социјална политика се именува:

1. Аница Димитров Јовчев

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-929/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Јасмина Цековска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, поради тоа што е вршител на должност директор на МБ ,,Кочо рацин„ - Пехчево и не е во согласност со законската регулатива на Р.Македонија истовремено да биде и член на управен одбор.

За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именува:

2. Елица Јовевска - вработена во општина Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-930/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ „7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ „7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ „7 Септември - Пехчево за 2017 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ „7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс.

**Член 2**

Составен дел од оваа Одлука се измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ „7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-931/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Примено: 06.07.2017
08 742/1

03-25-1/1
04.07.17

## ОЈУДГ „ 7 СЕПТЕМВРИ “ - ПЕХЧЕВО

ул. Даме Груев бр.3  2326 Пехчево Република Македонија
Тел/факс  ++389 033 441 331
e-mail: detskagradinkapehcevo@yahoo.com
www.ojudg7septemvri.webs.com

**До: Совет на општина Пехчево**

ПРЕДМЕТ: **Барање за ребаланс на буџет**

Почитувани,

ВД Директорот при ОЈУДГ "7 Септември"-Пехчево бара од Ваша страна да биде направено измена на буџет на сметка 754010223290314-Буџетска сметка каде што:

- Се додава ново конто **464-940-** Трансвери при пензионирање со износ од **45.344,00** денари.
- Контото **401-130-** Основни плати-други вработени се намалува за 195.344,00 денари ( сега ќе биде **5.509.656,00**)
- Контото **402-110-** Придонес за ПИО се намалува за **80.000,00** денари ( сега ќе биде **1.420.000,00**)
- Контото **402-210-** Придонес за здравство се намалува за **20.000,00** денари (сега ќе биде **600.000,00**)
- Контото **421-220-Дрва-** се зголемува за **100.000,00** денари (сега ќе биде **575.000,00**)
- Контото **423-410**-Прехрамбени продукти и пијалоци се зголемува за **150.000,00** денари (сега ќе биде **657.246,00**)

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

04.07.2017 год.
Пехчево

ОЈУДГ "7Септември" - Пехчево
ВД Директор
/ Гордана Вазлиска /

Во прилог табеларно буџетот.

| потставка | опис | програма | ставка | Стар буџет | Нов буџет | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 421220 | Дрва | В1 | 421 | 475.000,00 | 575.000,00 | +100.00,00 |
| 421240 | Течни горива | В1 | 421 | 140.000,00 | 140.000,00 | 0 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци | В1 | 423 | 507.246,00 | 657.246,00 | +150.000,00 |
| 427110 | Привремени вработувања | В1 | 427 | 185.000,00 | 185.000,00 | 0 |
| 401130 | Основни плати-други вработени | В1 | 401 | 5.705.000,00 | 5.509.656,00 | -195.344,00 |
| 401310 | Персонален данок од плати | В1 | 401 | 386.000,00 | 386.000,00 | 0 |
| 402110 | Придонес за ПИО | В1 | 402 | 1.500.000,00 | 1.420.000,00 | -80.000,00 |
| 402210 | Придонес за здравство | В1 | 402 | 620.000,00 | 600.000,00 | -20.000,00 |
| 402220 | Придонес за профес.заболување | В1 | 402 | 45.000,00 | 45.000,00 | 0 |
| 402310 | Придонес за вработување | В1 | 402 | 104.000,00 | 104.000,00 | 0 |
| 464940 | Трансвери при пензионирање | В1 | 464 | | 45.344,00 | +45.344,00 |
| | Вкупно: | | | **9.667.246,00** | **9.667.246,00** | **0** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2016/2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2016/2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишен извештај за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за учебната 2016/2017 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-932/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2017/2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за 2017/2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1<br>29.08.2017 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево ја усвојува годишната програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година.

**Член 2**

Годишната програма за работа на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево за учебната 2017/2018 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-933/1<br>29.08.2017 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-934/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017-2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017-2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 41 став 5 и став 7 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08, 33/10, 18/11, 51/11,6/12, 100/12 4/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16), член 36 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 28 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање паралелки од I до IX одделение со помалку од 24 ученици во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и подрачните училишта за учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево дава согласност за формирање паралелки од I до IX одделение со помалку од 24 ученици во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево и подрачните училишта за учебната 2017/2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-935/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Манифестацијата „Бела ноќ 2017**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Манифестацијата „Бела ноќ 2017, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 41 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (Службен весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 71/16), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Манифестацијата „Бела ноќ“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот на Манифестацијата „Бела ноќ„ која ќе се одржи на Плоштадот Св. Петар и Павле во Пехчево на ден 02.09.2017 година (сабота), за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Работното време се продолжува за два часа на ден 03.09.2017 година, односно до 03:00 часот за време на одржувањето на манифестацијата содржана во Годишната програма за финансирање на прокти од областа на културата и НВО секторот од интерес на општина Пехчево бр.01-195/2 од 27.02.2017 година, односно точка 3 од Програмата - Манифестација „Бела ноќ„.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, организаторот на Манифестацијата „Бела ноќ“, градоначалникот и архивата на Општина Пехчево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-936/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за доделување на благодарници по повод „7-ми Септември„ - Денот на ослободување на Пехчево за 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за доделување на благодарници по повод „7-ми Септември„ - Денот на ослободување на Пехчево за 2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 38 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за доделување на благодарници по повод „7-ми Септември" - Денот на ослободувањето на Пехчево за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево доделува благодарници по повод „7-ми Септември„ - Денот на ослободувањето на Пехчево за 2017 година.

**Член 2**

За добитници на наградата за ,,7-ми Септември„ за 2017 година советот ги определи следните:

1. ФК ,,КИТ-ГО„ - Пехчево - за најголем допринос во спортот и развој на фудбалот во Пехчево;
2. Антонела Поповска - за ученик на генерација при ООУ ,,Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2016/2017 година;

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл.гласник на општина Пехчево.

Бр.08-937/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучокот за не усвојување на Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не усвојување на Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градски гробишта во Пехчево**
**со бр. 02-278/3 од 19.04.2017 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево **не** ја усвои Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево со бр. 02-278/3 од 19.04.2017 година.

**Член 2**

Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево, е составен дел од заклучокот.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-938/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучокот за не усвојување на Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево **не** ја усвои Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта, бр.02-278/6 од 19.04.2017 година.

**Член 2**

Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта, е составен дел од заклучокот.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-939/1
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за времено користење движна ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за времено користење движна ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 29.08.2017 година.

Број 09-942/1
29.08.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 29.08.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за времено користење движна ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на времено користење движна ствар (грејно тело) - камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево за затоплување на просторијата во која се сместени.

**Член 2**

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на времено користење без надоместок за период од 5 (пет) години на Здружение на пензионери на општина Пехчево почнувајќи од денот на влегување на сила на оваа одлука.

**Член 3**

Движната ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик од член 1 од оваа Одлука ќе го изврши пописна комисија што со решение ќе ја формира Градоначалникот на општината во која ќе има и членови од Здружение на пензионери на општина Пехчево.

**Член 4**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приортет од грејното тело, истото може да го одземе и пред истекот на периодот за кој е дадено на користење со писмено известување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавување во Сл.гласник на општина Пехчево.

Бр.08-790/2
29.08.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

**СОДРЖИНА:**


1. Одлука за редовно ажурирање на ,,Процена на загрозеност на подрачјето на општина Пехчево од сите ризици и опасности ________________________________________ 3;
2. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево по предлог на Министерството за труд и социјална политика ______________ 4;
3. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево ____________________________________________________________ 5;
4. Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на ОЈУДГ ,,7 Септември - Пехчево за 2017 година - ребаланс ________________________________________ 6;
5. Одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2016/2017 година ____________________________________________________ 9;
6. Одлука за усвојување на годишната програма за работа на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево за 2017/2018 година ___________________________________________________ 10;
7. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2016/2017 година ____________________________________________ 11;
8. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017-2018 година _______________________ 12;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Манифестацијата „Бела ноќ 2017 ___________________________________________ 13;
10. Одлука за доделување на благодарници по повод ,,7-ми Септември,, - Денот на ослободување на Пехчево за 2017 година _____________________________________ 15;
11. Заклучок за не усвојување на Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево ___ 16;
12. Заклучок за не усвојување на Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево со градските гробишта _______________ 17;
13. Одлука за времено користење движна ствар (грејно тело) камин алфа плам рустик на Здружение на пензионери на општина Пехчево ________________________________ 18;